Архивски број: 03-12238/1.
Датум: 25-11-2025

Друштво за производство, трговија и услуги
ГПОВЕР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ
Бр. 60/2025
25.11.2025 год.
СКОПЈЕ

# РАМКОВНА СПОГОДБА
## за јавна набавка на услуги - одржување и сервисирање на УПС уреди

Склучена помеѓу:

1.МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр. 12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии (во натамошниот текст: договорен орган), од една страна и

2. Друштво за производство, трговија и услуги ГПОВЕР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Разловечко востание" бр.26/лам.Г-локал 2, Скопје, претставувано од Митко Гелев, управител, (во натамошниот текст: носител на набавката), од друга страна.

## I. ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 1

Оваа рамковна спогодба се склучува по спроведена постапка за набавка од мала вредност за јавната набавка на услуги - одржување и сервисирање на УПС уреди по оглас бр.18465/2025, а во согласност со прифатената понуда од носителот на набавката.

Предмет на оваа рамковна спогодба е регулирање на правата и обврските помеѓу страните, а заради одржување и сервисирање на УПС уредите во објектот на Министерството за финансии лоциран на ул.„Даме Груев" бр.12 во Скопје.

Предметот на рамковната спогодба опфаќа и замена на резервни делови по потреба и по барање на договорниот орган.

Предметот ќе се извршува сукцесивно според потребите на договорниот орган.

Составен дел на оваа спогодба се техничките спецификации (Прилог 1) кон спогодбата и финансиската понуда на носителот на набавката (Прилог 2) кон спогодбата.

Член 2

Носителот на набавката со потпишувањето на оваа рамковна спогодба се согласува и ги прифаќа во целост обврските и условите кои се утврдени во оваа рамковна спогодба и техничките спецификации (Прилог 1).

## II. ЈАЗИК НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 3

Јазик на рамковната спогодба и на другите документи кои претставуваат составен дел на рамковната спогодба е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена и електронска форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## III. ВРЕДНОСТ НА НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 4

Единичните цени за извршување на услугите од оваа рамковна спогодба се утврдени во финансиската понуда на носителот на набавката (Прилог 2).

Максималната вредност на рамковната спогодба без пресметан данок на додадена вредност изнесува 300.000,00 денари.

Вкупниот износ на данокот на додадена вредност изнесува 54.000,00 денари.

Максималната вредност на рамковната спогодба со пресметан данок на додадена вредност изнесува 354.000,00 денари.

Договорниот орган не е обврзан да ја реализира вкупната максимална вредност на спогодбата.

Рамковната спогодба ќе се реализира согласно прифатените единечни цени од финансиската понуда на носителот на набавката (Прилог 2) од договорот.

При реализација на рамковната спогодба не се предвидува корекција на цените, односно единечните цените искажани во понудата на носителот на набавката (Прилог 2) ќе бидат фиксни за целото времетраење на рамковната спогодба.

Член 5

Цената за резервен дел за кој договорниот орган ќе пројави потреба и ќе побара понуда, ќе се фактурира според набавната цена на резервниот дел со пресметана трговска маржа од максимум 15% сметано од набавната цена на делот, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

За замена на резервен дел, носителот на набавката е должен да понуди цена за истиот со трговска маржа која не смее да биде повисока од утврдената во став 1 на овој член.

За докажување на висината на маржата носителот на набавката ќе биде должен да достави и примерок од фактура од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот или друг доказ со кој може да ја докаже набавната цена.

## IV. ВАЖНОСТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

### Член 6

Оваа рамковна спогодба се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од 06.03.2026 година или до целосно искористување на максималната вредност од член 4 став 4 од оваа спогодба, во зависност од тоа што попрво ќе настане.

## V. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 7

Предметот на набавката го опфаќа извршувањето на следниве услуги:

- Корективно одржување од 8-16ч, корективно одржување од 16-24ч и во ноќна смена, викенд и празници кое опфаќа:

• Отстранување и поправка на дефекти без замена на резервен дел;
• Отстранување на утврдениот дефект или проблем, со замена на резервен дел по доставена предлог пресметка (понуда) од страна на носителот на набавката за замена на резервниот дел и по прифаќање на понудата од страна на договорниот орган.

Договорниот орган по потреба и по барање може да побара од носителот на набавката да замени резервен дел.

- Превентивно одржување кое опфаќа:

• Превентивен преглед на УПС уредите за кој се плаќа паушал, а се извршува на секои 3 месеци и се состои од отчитување на параметри со соодветен софтвер и давање на извештај и
• Годишен превентивен преглед на УПС уредите за кој се плаќа паушал и се извршува 1 (еднаш) во годината, а се состои од длабоко празнење (deep discharge) на батериска банка на секој од УПС уредите со следење и запишување на крива на празнење во реално време и извештај за состојбата

на батериските банки, унапредување на firmware на DSP модул на најнова верзија согласно постојните верзии на производителот и тестирање на уредот со испад на мрежен напон и контрола на капацитет и издржливост на батериите при соодветно оптеретување на излез (на барање на договорниот орган).

Член 8

Договорните страни се согласни извршувањето на секоја услуга која е предмет на оваа спогодба задолжително да се одвива на следниов начин:

- барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга-интервенција;
- издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за извршување на одредена услуга-интервенција со број на работни часови потребен за извршување на конкретната услуга-интервенција;
- издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за замена на резервни делови по потреба и по барање на договорниот орган;
- издавање на писмено одобрение за извршување на услугата-интервенција од договорниот орган (по доставена предлог пресметка);
- извршување на услугите од страна на носителот на набавката и
- одобрување на работен налог за извршена услуга.

**Барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга**

Член 9

Доколку договорниот орган има потреба од извршување на услуга со замена или без замена на резервен дел, задолжително се обраќа до носителот на набавката (писмено или преку електронска пошта или усно во зависност од итноста) со барање да ја изврши бараната услуга, односно да му се издаде предлог-пресметка/понуда за извршување на услугата.

**Издавање на предлог–пресметка/понуда на носителот на набавката**

Член 10

Носителот на набавката е должен на барање на договорниот орган да издаде предлог-пресметка (понуда).

Во случај на барање за издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за резервни делови носителот на набавката е должен предлог-пресметката (понудата) да ја достави до договорниот орган во рок кој ќе го определи договорниот орган во барањето.

Носителот на набавката во предлог - пресметката (понуда) задолжително наведува:

- бројот на работните часови неопходни за извршување на конкретната услуга - интервенција;
- опис на услугата што треба да се изврши, цена на резервен дел со пресметана трговска маржа од максимум 15% од набавната цена на делот, во прилог со примерок од фактурата од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот или друг доказ со кој може да ја докаже набавната цена;
- барањето од договорниот орган;
- рок во кој ќе ја изврши конкретната услуга, сметано од денот на прифаќање на понудата од страна на договорниот орган.

Член 11

Понудата/предлог пресметка за секој резервен дел треба да содржи <u>цена на понудениот дел која вклучува:</u>

- цена на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот;
- трговска маржа која се пресметува единствено на набавната цена на делот кој се заменува;
- цена на работен час (трошоци за работна рака), во која ќе бидат вклучени работа во редовно работно време, вон работно време, ноќни смени, викенд и празник и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Цената за работен час која е потребна за за извршување на услугата/замена на делот треба да биде согласно цената за работен час за извршување на услугата во соодветното време од финаниската понуда (Прилог 2).

Набавната цена на делот кој се заменува е цената на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

Наведените делови ја сочинуваат вкупна понудена цена за замена на резервниот дел.

Работен час во врска со извршувањето на услугите – предмет на спогодбата претставува бројот на работни часови потребен за извршување на бараната услуга независно од бројот на ангажирани лица за извршување на услугата.

При составување на понудата, носителот на набавката треба да ги прикаже сите наведени елементи на цената на понудениот дел.

Утврдувањето на рокот во кој носителот на набавката ќе ја изврши конкретната услуга е должен да го врши врз основа на реална проценка за времето потребно да се изврши услугата.

**Издавање на писмено одобрение за извршување на услугата-интервенција од договорниот орган (по доставена предлог пресметка)**

Член 12

Договорниот орган е должен да ја разгледа предлог-пресметката (понудата), да провери дали истата е во согласност со оваа спогодба и врз основа на процена на оправданоста за извршување на услугата и реалните пазарни цени дава одобрение на носителот на набавката.

Носителот на набавката ќе пристапи кон извршување на услугата само по добивање на писмено одобрение дадено од договорниот орган.

Член 13

По исклучок од член 12 на ова спогодба, во итни случаи, договорниот орган може да му даде на носителот на набавката усно одобрение за извршување на услугата.

Носителот на набавката е должен да пристапи кон извршување на услугата за која е дадено усно одобрување и истото да го констатира во работниот налог.

По даденото усно одобрување задолжително следи доставување на писмено одобрение во рок од 7 (седум) работни денови.

За лицата кои можат да дадат усно одобрение во итни случаи договорниот орган ќе го извести носителот на набавката по потпишување на оваа рамковна спогодба.

**Извршување на услугата од носителот на набавката**

Член 14

Носителот на набавката е должен по доставеното барање од договорниот орган, а во итни случаи и по усно барање од страна на договорниот орган, да пристапи кон извршување на услугата и да изврши замена на резервни делови доколку за тоа договорниот орган пројавил потреба и побарал понуда.

Носителот на набавката е должен по добиеното одобрение од страна на договорниот орган да пристапи кон извршување на услугата за која издал предлог-пресметката (понудата).

Доколку во текот на извршување на одобрената услуга, носителот на набавката утврди дека е потребна дополнителна интервенција, тој е должен да направи дополнување на предлог-пресметката и истата да ја достави на одобрување до договорниот орган, а по добиеното одобрение да ја изврши дополнителната услуга.

**Работен налог за извршената услуга**

Член 15

Носителот на набавката се обврзува дека за секоја извршена интервенција ќе издава работен налог, кој треба да биде потпишан со полно име и презиме од страна на определени лица од носителот на набавката и договорниот орган.

Работниот налог е потребно да ги содржи минимум следните податоци: датум и време на почеток и завршување на услугата, опис на извршената услуга, промена и опис на резервен дел (доколку е сменет дел) со количини и други податоци кои се потребни за потврдување на реализираната услуга.

## VI. РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 16

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во најкраток оптимален рок.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во рокот кој е предложен во предлог-пресметката (понудата), а е прифатен од страна на договорниот орган.

Рокот од став 2 на овој член почнува да тече сметано од денот на прифаќање на предлог-пресметката (понудата ) од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен вградувањето на резервните делови од увоз да го изврши за максимум 60 дена по прифаќањето на понудата од страна на договорниот орган.

Рокот за извршување на услуга кога има потреба од замена на резервен дел кој не е од увоз, а го има на лагер во земјава изнесува 5 работни дена од денот на приемот на барањето.

Носителот на набавката се обврзува да интервенира на повик од страна на лице определено за реализација на договорот кај договорниот орган (писмено или

телефонски - исклучиво во случај на итна потреба) во рок не подолг од 2 часа (24/7/365) и да го санира или отстрани дефектот во најкраток можен рок, но не подолго од 3 (три) работни дена од денот на добиениот повик, освен ако за таа санација не е потребна промена на резервен дел.

Местото на извршување на услугата е во Скопје на локацијата на Министерството за финансии на ул. „Даме Груев" бр.12.

## VII. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 17

Договорниот орган плаќањето за предметната набавка ќе го изврши во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата за извршена услуга и уредно потпишан работен налог за извршената услуга со полно име и презиме од определените лица за следење на реализација на рамковната спогодба од двете договорни страни.

Понудената единечна цена или паушал за превентивен преглед кој се врши на секои 3 месеци на УПС уредите, понудената единечна цена или паушал за годишен превентивен преглед на УПС уредите кој се врши еднаш во годината и цената за работен час (трошоци за работна рака) се наведени во финансиската понуда (Прилог 2) кон договорот и истите се искажани посебно.

Во нив се вклучени: работа во редовно работно време, вон работно време, ноќни смени, викенди, празник, патните/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Плаќањето за Превентивен преглед на УПС уредите ќе се врши по истекот на секои 3 (три) месеци, во рок од 30 (триесет) календарски дена, сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган за извршените услуги и кон истата носителот на набавката треба да достави извештај и работен налог.

Плаќањето за Годишен превентивен преглед на УПС уредите кој се врши еднаш во годината ќе се врши во рок од 30 (триесет) календарски дена, сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган за извршените услуги и кон истата носителот на набавката треба да достави извештај и работен налог.

Фактурата за плаќање за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса: ул.„ Даме Груев" бр.12, 1000 Скопје.

Доколку фактурата отстапува од одобрената предлог - пресметка (понуда) или кон неа не е приложен работниот налог потпишан со полно име и презиме од двете договорни страни или примерок од фактурата на испорачателот на

резервниот дел или официјален ценовник на производителот на деловите или друг доказ со кој може да ја докаже набавната цена, фактурата нема да биде платена и ќе биде вратена на носителот на набавката заради докомплетирање или доставување на исправна фактура.

## VIII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 18

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно, врз основа на барањата на договорниот орган дефинирани во техничките спецификации (Прилог 1) кои се составен дел на оваа спогодба и понудата прифатена од договорниот орган.

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишување на спогодбата да му достави на договорниот орган податоци (име и презиме, матичен број и број на лична карта) за лицата кои ќе бидат определени за реализација на предметната набавка.

### Член 19

Носителот на набавката е должен:

- да обезбеди ефикасно и навремено извршување на предметот на спогодбата, придржувајќи се кон барањата од договорниот орган;
- да дава соодветни препораки за решавање на секој проблем кој би се појавил во текот на реализација на предметот на спогодбата;
- да му се укаже на договорниот орган за било која неправилност во врска со функционирањето на опремата - системот предмет на спогодбата и
- во рамките на извршувањето на своите обврски да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметот на спогодбата.

Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски да ги смета барањата и интересите на договорниот орган кои се предмет на оваа спогодба за приоритетни во секое време и да го информира договорниот орган, веднаш доколку се појават одредени околности кои би влијаеле на извршувањето на активностите кои се предмет на оваа спогодба.

Носителот на набавката е должен за секоја извршена интервенција/услуга да издава работен налог, кој треба да биде потпишан од страна на двете договорни страни.

Член 20

Носителот на набавката е должен непосредно пред вградување на делови за истите да достави гарантни листови, сертификати и/или атести или да даде сопствена гаранција при промена на резервниот или потрошен дел.

## IX. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 21

Договорниот орган се обврзува дека веднаш по сознавањето за било каков дефект на УПС уредите, ќе го извести носителот на набавката.

Договорниот орган ќе му плати на носителот на набавката за извршената услуга според условите дефинирани во член 17 од овој договор.

Договорниот орган во текот на реализација на рамковната спогодба на носителот на набавката ќе му обезбеди непречен пристап до УПС уредите.

Договорниот орган се обврзува да определи лица задолжени за реализација на оваа рамковна спогодба и за истото да го извести носителот на набавката.

Договорниот орган е должен да обезбеди услови за вршењето на работите за одржувањето и сервисирањето на УПС уредите.

## X. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 22

За секој ден доцнење во поглед на извршувањето на услугата по приемот на нарачката/барањето, носителот на набавката се обврзува на договорниот орган да му плати казна во висина од 0,5% дневно со максимум 10% од вредноста на нарачката/барањето.

## XI. ДОВЕРЛИВОСТ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

Член 23

Определените лица од носителот на набавката за реализација на договорот, задолжително потпишуваат Изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на договорот.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со договорниот орган има засновано деловен или било каков друг однос. Договорниот орган ги става податоците на располагање на носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

Член 24

Не се предмет на оваа спогодба информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на носителот на набавката и на договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на оваа спогодба од страна на носителот на набавката што може да се докаже со писмена документација или за кои договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

Член 25

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на договорот и во период од (5) пет години од датумот на неговото истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле подготвени или изнесени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган.

Член 26

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 23 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон.

Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

Член 27

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај договорниот орган.

Член 28

Носителот на набавката по писмено барање на договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган, без задржување на било какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од оваа спогодба и други обврски кои произлегуваат од неа, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од оваа рамковна спогодба.

Член 29

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на носителот на набавката во однос на оваа спогодба или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од договорниот орган пред нивното спроведување.

Член 30

Одредбите од оваа глава на спогодбата се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со оваа рамковна спогодба.

## XII. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 31

Оваа рамковна спогодба може да се раскине во согласност со договорните страни.

Член 32

Оваа рамковна спогодба може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со оваа рамковна спогодба.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски ја раскинува рамковната спогодба, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Рамковната спогодба се смета за раскината со денот на приемот на известувањето за раскинување на рамковната спогодба.

Доколку дојде до раскинување на рамковната спогодба поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на рамковната спогодба од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 33

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да ја раскине рамковната спогодба, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 34

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да ја раскине спогодбата.

## XIII. ВИША СИЛА

Член 35

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон другата договорна страна за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на оваа рамковна спогодба кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои страните не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на оваа гамковна спогодба (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од рамковната спогодба.

Ако една од страните е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од оваа спогодба мируваат.

Секоја од страните на оваа рамковна спогодба се обврзува на ист начин да ја извести другата страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на рамковната спогодба, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила, рамковната спогодба продолжува да се реализира.

## XIV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 36

Изменувања и дополнувања на рамковната спогодба можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на рамковната спогодба е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Рамковната спогодба може да се изменува и дополнува со анекс на рамковната спогодба потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 37

За сè што не е регулирано со оваа рамковна спогодба, ќе се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за облигационите односи и другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 38

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 39

Обработката на личните податоци при реализацијата на оваа рамковна спогодба ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 40

Оваа рамковна спогодба е составена во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) примероци за носителот на набавката.

ПОТПИСНИЦИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА:

| ДОГОВОРЕН ОРГАН: | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | Друштво за производство,<br>трговија и услуги<br>ГПОВЕР ИНЖЕНЕРИНГ<br>ДООЕЛ Скопје |
| Министер за финансии<br>м-р Гордана Димитриеска - Кочоска | Управител<br>Митко Гелев |

Изработил: Мариа Анѓелеска
Контролирал: Рената Николоска
Даниела Јанкова
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Владимир Стојанов
Ирена Петковски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

**Прилог 1 - Технички спецификации**

ВОВЕД

Министерството за финансии е сместено во објектот, кој се наоѓа на ул. Даме Груев бр.12, Скопје.

Локациски е во централното градско подрачје на Град Скопје.

Објектот е нов, завршен пред приближно пред десет години.

Носителот на набавката е должен одржувањето да го врши согласно со наведеното во техничките спецификации. Единечните цени ќе се користат за евалуација, а при реализација на договорот, договорниот орган го задржува правото одредени ставки со дадените единечни цени да ги искористи во повеќе наврати, а одредени ставки воопшто да не ги искористи. Кај сукцесивните набавки каде има повеќе ставки, може да се случи вкупната цена на понудата како збир на сите ставки да е повисока од износот на обезбедени средства. За овие случаи Договорниот орган наведува дека договорот ќе се склучи до вредноста на обезбедените средства и ќе се троши колку што има средства на располагање и во зависност од потребите.

Одржувањето на предметот на набавката ќе се врши според потребите и на барање на договорниот орган.

Услугата - предмет на набавката, ќе се врши на следниов начин:

- доставено барање на договорниот орган да се изврши одредена услуга - интервенција;
- издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за бројот на работни часови потребни за извршување на услугата - интервенцијата;
- издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за резервни делови за кои договорниот орган ќе пројави потреба и ќе ги побара
- издавање на писмено одобрение за извршување на услугата од договорниот орган (по доставена предлог пресметка);
- извршување на услугите од носителот на набавката и
- работен налог за извршена услуга;

Предметот на набавката го опфаќа извршувањето на следниве услуги:

- Корективно одржување од 8-16ч, корективно одржување од 16-24ч и во ноќна смена , викенд и празници кое опфаќа:

- Отстранување и поправка на дефекти без замена на резервен дел;
- Отстранување на утврдениот дефект или проблем, со замена на резервен дел по доставена предлог пресметка (понуда) од страна на носителот на набавката за замена на резервниот дел и по прифаќање на понудата од страна на договорниот орган.

- Превентивно одржување кое опфаќа

- Преглед на УПС уредите на секои 3 (три) месеци
- Годишен превентивен преглед на УПС уредите 1(еднаш) во годината.

Во цената за Превентивен преглед на УПС уредите или паушал, кој се извршува на секои 3 месеци влегува отчитување на параметри со соодветен софтвер и давање на извештај.

Во цената за Годишен превентивен преглед на УПС уредите или паушал кој се извршува 1 (еднаш) во годината влегува Длабоко празнење (deep discharge) на батериска банка на секој од УПС уредите со следење и запишување на крива на празнење во реално време и извештај за состојбата на батериските банки, унапредување на firmware на DSP модул на најнова верзија согласно постојните верзии на производителот и Тестирање на уредот со испад на мрежен напон и контрола на капацитет и издржливост на батериите при соодветно оптеретување на излез (на барање на корисникот).

Во цената за работен час за корективно одржување на неправилности на УПС уредите или цени за корективно одржување искажани посебно во финансиската понуда ( за секој период одделно) влегува работниот час кој е потребен за отстранување и поправка без замена на резервен дел и во истиот се вклучени: работа во редовно работно време (8-16часот) вон работно време (16-24часот), ноќни смени, викенд и празник со патните/транспортни трошоци, трошоците за демонтажа и вградување на делот и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Работен час е бројот на работни часови потребен за извршување на бараната услуга независно од бројот на ангажирани лица за извршување на услугата.

Висината на трговската маржа за набавка на делот, а кој треба да се замени по писмено барање на договорниот орган, потребно е да се изрази во (%) сметано од набавната цена на делот.

Набавната цена на делот е цената на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот.

Во зависност од потребата за вградување на резервен дел, носителот на набавката треба да понуди цена за истиот со трговска маржа најмногу до 15% од набавната цена на делот.

За докажување на висината на маржата носителот на набавката ќе биде должен да достави и примерок од фактура од испорачателот на резервниот дел или официјален ценовник од производителот на делот или друг доказ со кој може да ја докаже набавната цена.

Носителот на набавката е должен непосредно пред вградување на делови за истите да достави гарантни листови, сертификати и/или атести или да даде сопствена гаранција при промена на резервниот или потрошен дел.

Гарантниот рок на ново - вградените резервни делови изнесува минимум 1 (една) година.

Одржувањето и сервисирањето на уредот/системот треба да се врши во согласност со пропишаниот начин за сервисирање и поправки од производителот.

Вградените делови треба да бидат согласно со Македонските национални стандарди кои се во согласност со Европските стандарди.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во најкраток оптимален рок.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во рокот кој е предложен во предлог-пресметката (понудата), а е прифатен од страна на договорниот орган.

Рокот почнува да тече сметано од денот на прифаќање на предлог-пресметката (понудата ) од страна на договорниот орган.

Во случај на барање за издавање на предлог-пресметка (понуда) од носителот на набавката за резервни делови носителот на набавката е должен предлог-

пресметката (понуда)/известувањето да ги достави до договорниот орган во рок кој ќе го определи договорниот орган во барањето.

Рокот за извршување на услугата кога има потреба од замена на резервен дел а кој не е од увоз и го има на лагер во земјава изнесува 5 работни дена од денот на приемот на барањето.

Носителот на набавката е должен набавката и вградувањето на резервните делови од увоз да го изврши за максимум 60 дена по прифаќањето на понудата од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува да интервенира на повик од страна на лице определено за реализација на договорот кај договорниот орган (писмено или телефонски- исклучиво во случај на итна потреба) во рок не подолг од 2 часа (24/7/365) и да го санира или отстрани дефектот во најкраток можен рок, но не подолго од 3 (три) работни дена од денот на добиениот повик, освен ако за таа санација не е потребна промена на резервен дел.

Понудата/предлог пресметка за секој резервен дел, а за кој ќе се прави потреба и ќе се побара понуда од страна на договорниот орган треба да содржи цена на понудениот дел која вклучува:

- цена на резервниот дел кој се набавува, во кој се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на делот;
- трговска маржа која се пресметува единствено на набавната цена на делот кој се заменува;
- цена на работен час (трошоци за работна рака), во која ќе биде евидентирана работа зависно од еприодт кога е извршена )во редовно работно време, вон работно време, ноќни смени, викенд и празник) и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Напомена: Цената за работен час која е потребна за замена на делот треба да биде согласно цената за работен час за извршување на услугата зависно од периодот на извршување во дадена во Финаниската понуда.

Носителот на набавката е должен за секоја извршена интервенција/услуга да издава работен налог, кој треба да биде потпишан со полно име и презиме од определени лица од страна на носителот на набавката и договорниот орган.

**Напомена: Договорниот орган по службен пат ќе изврши безбедносна проверка од надлежен орган во РМ за лицата кои ќе ја вршат услугата од предметот на набавката дека истите ги исполнуваат условите за непречено извршување на работите во објектите на органите на државните институции врз основа на потврда издадена од МВР за извршена проверка.**

ПРЕВЕНТИВНО ОДРЖУВАЊЕ НА УПС (превентивен преглед)

Економскиот оператор се обврзува да врши превентивен преглед на УПС уредите на секои 3 месеци, четири пати во годината.

Под **Превентивен преглед на УПС уредите** се подразбира превентивно одржување на УПС уредите на секои 3 месеци, четири пати во годината за период од 1 (една) година од потпишувањето на Договорот.

Под **Годишен превентивен преглед на УПС уредите** се подразбира превентивното одржување на предметните УПС уредите кое се врши еднаш во годината, економскиот оператор врши проверка на виталните склопови, функционалности и извршени тестови, како и да ги врши редовните превентивни активности наведени во листата на услугите.

По секој преглед и по проверка на виталните склопови, функционалности и извршени тестови, Економскиот оператор треба да изготви и достави извештај за состојба на уредот и спецификација за потребни резервни делови за замена со цени.

**Во превентивен преглед на 3 месеци е предвидено:**

Дијагностика на квар

Проверка дека нема физичко оштетување на УПС-от

Проверка на исправност на вентилатори

Проверка на УПС излезно напојување

Проверка на внатрешни конектори и склопки

Проверка на температурна околина на уредот

Мерење и контрола на сите влезни и излезни напонски параметри и мерни точки на електронските склопови

Проверка и анализа на алармни записи и историја на алерти, Преглед и снимање на "log" -А

„Селф-тест" на уред

Проверка на нормален режим на работа

Проверка на режим на работа на батерија

Проверка на бајпас на режим на работа

Проверка на состојба и капацитет на батеријата

Чистење на уредот од прашина надвор и внатрешно

Мерење, тестирање на електричните параметри на системот

**Во годишен превентивен преглед е предвидено:**

Длабоко празнење (deep discharge) на батериска банка на секој од УПС уредите со следење и запишување на крива на празнење во реално време и извештај за состојбата на батериските банки

Унапредување на firmware на DSP модул на најнова верзија согласно постојните верзии на производителот

Тестирање на уредот со испад на мрежен напон и контрола на капацитет и издржливост на батериите при соодветно оптеретување на излез (на барање на корисникот)

**Изготвување извештај за превeтивно одржување на УПС уредите**

Извештајот го отсликува направениот превентивен преглед и дава насоки за исправноста или неисправноста на уредите како и превентивните мерки што треба да се преземат при затекната состојба на уредите.

Од сите точки за проверка и контрола на 3 месечниот преглед ќе произлезе и самиот годишен извештај што операторот треба да го изготви.

Доколку се забележи одредена неисправност, истата се посочува во извештајот во кој потребно е да се дадат конкретни мерки за надминување на истата, на пример потреба од набавка и замена на некој дел или пак услуга интервенција без замена на дел.

1.4.1 Опис на системот:

УПС напојување е изведено за одредени критични потрошувачи како што се компјутерските приклучници во администартивниот простор и дел од светлата во комуникацискиот, административниот и гаражниот простор и вентилаторите за оддимување (командите). УПС системот е поделен во два дела односно за катниот дел поставен е сет од **6 x 60 kVA** УПС, врзани во паралела, сет од **2 x 60 kVA** за сервер собата како и два помали за мониторинг соба и соба за обезбедување (security) или :

**GRTUPS**, напојуван од **GRTA** преку **6x 60 kVA УПС** системи и од него се напојуваат сите разводни ормари (УПС дел) наменети за работните места по катовите како и напојување на модулите од БМС системот и останати слични контролери.

**RTUPS Сервер** напојуван од **GRTA** - **критична секција** преку **2x 60 kVA УПС** системи и од него се напојуваат сите потрошувачи како серверите за сите катови.

**RTUPS Мониторинг** напојуван од **GRTA** - **критична секција** преку **1 x 40 kVA УПС** систем и од него се напојуваат сите потрошувачи лоцирани во мониторинг собата.

**RTUPSSPRING** напојуван од **GRTA** - **критична секција** преку **1 x 20 kVA УПС** систем и од него се напојуваат системот за автоматско гаснење и системите во спринклер собата .

Начин на работа на УПС системот:

**УПСот "МСТ 30,40,60kVA"** претставува уред за непрекинато напојување со можност за поврзување во паралелна (редундатна) конфигурација до 8 единици.

Конфигурацијата на **УПС-от е "On-line Double Conversion" (AC-DC-AC)** конверзија која обезбедува стабилно и непрекинато напојување на опремата инсталирана во објектот(инсталирани потрошувачи)

Системот (УПС) е опремен со "Static By-pass Switch" (заштитен преклопник во УПС-от) и "Maintenance By-pass Switch"(преклопник на УПС-от за сервисни интервенции)

Состојбата на УПС-от се следи/управува преку контролниот дисплеј поставен на самиот УПС. Од контролниот дисплеј можат да се следат состојбите на УПС-от излезниот напон и струја,влезниот напон и струја, оптоварувањето, алармните состојби ,историјата на алармните состојби ,подесувањето на параметрите.

Секој УПС систем се состои од два основни подсистеми:

- Електронски кабинет (УПС) кој ги содржи сите електронски компоненти: напојувач, инвертор, статички прекинувач “Static by-pass Switch” , микропроцесорска контролна табла итн.

- Батериски кабинет во кој се сместени батериите и батерискиот прекинувач.

Секој УПС е обезбеден со влезни осигурчи за L1,L2,L3 кои се наоѓаат во ормари **GRTUPS** напојувани од **GRTA** во електро собата и маркирани со бројки од 1-10 како и излезни осигурачи за секое ниво т.е кат поединечно во ормарите во УПС собата за **RTUPR 1, RTUPR 2, RTUM 1, RTUM 2, RTU(1-8) 1, RTU 9 1** кои доаѓаат од УПС-те означени со 5,6,7,8,9,10 на предното лице од уредот, како и засебни излезни осигурачи во малиот ормар на УПС собата за **RTUPS Сервер, RTUPS Мониторинг, RTUPSSPRING** за УПС-те означени со 4,3,2,1 бројки на предното лице од уредот.

УПС бр 3 и 4 се за **RTUPS Сервер** и истите работат во паралела , што значи доколку едниот прекини со работа поради дефект,неговата работа ја презема паралелниот уред ,истото важи и за уредите 5,6,7,8,9,10 т.е **6х 60 kVA** за нивоата т.е катовите кои исто така меѓусебно се во паралела.

УПС уредите можат да работат самостојно до и околу 10 минути а дел и повеќе во зависност што опслужуваат,за да по нивното празнење без прекин настапи полнење од страна на дизел агрегатот кој ја опслужува **GRTA** и од кој се напојуваат сите разводни ормари (дизел дел) наменети за критичните потрошувачи, односно се напојуваат **RTA спратови, GRTA критична** и **GRTUPS** која се напојува преку УПС системите.

Напомена: По барање на договорниот орган носителот на набавката за било каква замена на опрема или некаква интервенција во трафостаницата во делот пред мерниот уред (броилото) да се повикаат екипите за дистрибуција на електрична енергија, во овој случај ЕВН Македонија.

**Прилог 2**

# Дел I Финансиска понуда

Врз основа на огласот 18465/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Одржување и сервисирање на УПС уреди, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

## Финансиска понуда

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 50324100 -3 | Превентивен преглед на УПС уреди кој се врши на секои 3 месеци • Техн.преглед на УПС Riello уредите, отчитување на параметри со соодветен софтвер и давање извештај | Паушал | 4,00 | 12.000,00 | 48.000,00 | 8.640,00 | 56.640,00 |
| 50324100 -3 | Годишен превентивен преглед на УПС уреди кој се врши еднаш во годината | Паушал | 1,00 | 20.000,00 | 20.000,00 | 3.600,00 | 23.600,00 |
| 50324100 -3 | Работен час за корективно одржување на системот согласно со техничките спецификации од 8-16ч | Работен час | 1,00 | 3.000,00 | 3.000,00 | 540,00 | 3.540,00 |
| 50324100 -3 | Работен час за корективно одржување на системот согласно со техничките спецификации од 16-24ч | Работен час | 1,00 | 4.000,00 | 4.000,00 | 720,00 | 4.720,00 |
| 50324100 -3 | Работен час за корективно одржување на системот согласно со техничките спецификации во ноќна смена, викенд и и празници | Работен час | 1,00 | 5.000,00 | 5.000,00 | 900,00 | 5.900,00 |
| | | | | **Вкупно** | 80.000,00 ден | 14.400,00 ден | 94.400,00 ден |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **80.000,00** (**осумдесет илјади денари**) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **14.400,00** денари.

I.1 Го прифаќаме начинот на испорака утврден во тендерската документација.

I.2 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

I.3 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

I.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*